3 ТЕМА



Нејзиното величество

# Ермира пиљарка и трговец

## ЗОШТО ДЕМОКРАТИЈА? А ЗОШТО ДА НЕ?





**Нејзиното величество**

# Ермира - пиљарка и трговец

Јас имам многу што да кажам за демократијата, зашто мислам дека демократијата е иста како трговијата. Јас така си ја разбирам, а ти ако сакаш купи од мене, ако сакаш немој – за секоја „стока" има муштерија. Мое е да те испочитувам како муштерија, да те поздравам, а ако не купиш сега, ќе купиш друг пат.

Мене демократијата и трговијата ми се начин на живот. Да не беа тие, јас ќе бев на село и ќе бев домаќинка, оти не е лесно да живееш поинаку од другите жени кај нас Албанците, луѓето мрморат, но и се менуваат пополека. Порано не можеше, но сега ако те бидува ајде, пробај си ја среќата. Тоа е од демократијата и од трговијата.

Како јас ја сфаќам демократијата? Немој мене да ме прашуваш, ќе мислиш дека сум проста. Ене, прашајте го Шемси – мажот ми, тој е многу учен и се разбира во сите работи.



**Нема прост човек за демократија, госпоѓо!**

Добро. Ајде вака. Има еден муштерија што купува многу посебни работи и е многу љубезен и паметен. Тој прв почна да купува интегрален леб, а потоа почнаа и многу други. Конзервите со туна тој прв почна да ги купува, а денес сите други купуваат. И јас, како добра трговка, знам дека ако овој месец тој побара брокула, идниот сите ќе купуваат од тоа. Некако како некој водач да е. Не знам... Што да каже, ќе те убеди. Со Шемси многу прават муабет и многу се почитуваат.



Е, таква е и демократијата, таков е и мојот живот. Продавницата е како демократската држава, мора од сè да има, оти има различни муштерии и не е најбитно што сите сакаат. И поединецот мора да има избор. Понекогаш еден човек може да е попаметен од сите, може во разговор сите да ги разубеди и однапред да знае што е добро за него и за другите. Значи, не е битно што купуваат сите, туку и што купуваат поединците. Се разбира, ако набавам сто бели лебови, ќе

набавам и пет– шест интегрални, ако набавам сто сардини, ќе набавам и една–две конзерви ракчиња. Секој муштерија мора да има слобода на избор.

А за мене? Па, исто како со ова што го зборував. И јас можев да избирам, како што мајка ми не можела. И така со Шемси се договорив и реков: „Зошто мора да живееме како сите други?". Не, не. Ви реков, Шемси е многу голем човек. Многу си е човекот демократски.

Но, многу битно е да знаеш што избираш и зошто. Јас на муштериите им кажувам што им е најповолно, дека не е битно само да биде убаво спакувано.



Многу паметно госпоѓо, можеби треба некои доктори на науки да ги пратиме малку да им „продадете" демократија од срцето. Изборот е слободен само ако знаеме што избираме и до какви последици може да доведе тој избор. Затоа, при донесувањето одлука дали да се избере меѓу некои други **СИСТЕМИ** или демократијата, треба да сме свесни за користа, но и за слабостите на демократијата, за причините за и против неа, како и за условите во кои таа не може да успее и да функционира.

Како и Вашата продавница, во која може да има сè, демократијата избира од можностите и ништо не отфрла, но тоа им го остава на граѓаните, следи што сакаат граѓаните, но им дава можност и на генијалните поединци, добрите планери и луѓето со харизма за водство. Гледате! Тој Ваш муштерија. Тој е малку пред времето и луѓето го следат, а никој не ги тера. Тие луѓе во демократијата се нарекуваат **ЛИДЕРИ**. Во демократијата луѓето сами си ги бираат лидерите, а задача на лидерите е да ги убедат граѓаните дека патот што тие го нудат е подобар од другите можни патишта.



Видете, господине. Јас сум живеел и во социјализмот и сега во ова општество, па ме интересира дали има или имало и други начини како да се уреди продавницата... пардон - државата.

**Имало и има.** Многу тешко е вака „по наредба“ да се поделат, но некои ги делат на **ТОТАЛИТАРНИ** и **ДЕМОКРАТСКИ ОПШТЕСТВА**. Во историјата имало царства, но и денес ги има, кралства, верски држави, технократски, социјалистички, кастински, диктаторски... Но, едно нешто е битно, а тоа е дека таму немало демократија и не се прашувале луѓето, иако сите се колнеле дека владеат во негово име и со негов благослов.

Значи, тоа е исто како да ми дојде инспекција и да рече дека отсега натаму ќе набавувам само ваков леб, такво и такво млеко, вакви конзерви и наместо делишес ќе јадете само ромбит...



**Па не е сосем исто, но има многу сличности.** Во демократијата народот сам ги бира своите владетели на кои им верува, повеќе или помалку, но и на кои по малку и не им верува, затоа што знае дека власта може „да му удри на човекот во глава“, па затоа го контролира. Тие се нарекуваат **ЛИДЕРИ**. Оние што ги гласа ги нарекува **ПОЛИТИЧКИ ЛИДЕРИ**, оние на кои им верува, кога чита нешто нивно во весниците и ги гледа на ТВ ги нарекува **ЛИДЕРИ НА МИСЛЕЊЕ**, ама не треба да се заборави дека има цели маала коишто му веруваат на некој посебен маж или жена. Тие се **МААЛСКИ** лидери, па има и други луѓе, кои имаат знаења и способности да смислат нешто што другите не можат, да го кажат тоа добро и луѓето да го прифатат. Така се оди напред.

Па, тогаш господине, зошто сите луѓе во сите држави не си изгласаат демократија? Ако знаеме дека повеќе ќе имаме профит доколку го реновираме дуќанот, тоа веднаш ќе го сториме јас и Шемси.

Не е толку просто, госпоѓо. Во некои држави на власт има луѓе што не пуштаат да се јават лидери што ќе ги избира народот. Обично, претседателот на државата си носи свои луѓе, било да му се од партијата или од роднините, ги става главни на војската, полицијата, медиумите, министерствата... и не пушта никој да се појави што нема него да го слуша. И таму има избори, но тоа се **НЕДЕМОКРАТСКИ ИЗБОРИ**, а како и да не се кога има само една партија и кога можеш да гласаш само за нив. Значи, гласањето воопшто не е потребно кога се сè знае однапред. Ако се јави некој поинаков, кој не му е по волја на **ДИКТАТОРОТ**, кој сака да говори, „го изеде мечката", можеби заедно со целото семејство. Но, за тоа учевме и на училиште... Се сеќавате на Сталин, Франко, Хитлер?

**Демократијата ги открива диктаторчињата уште пред да станат диктатори. Кога тоа не е сторено навреме, таа секогаш умира.**

Изборот на демократијата како државно уредување е корисен поради повеќе причини. Во неа слободата на граѓанинот, неговите интереси и потреби подобро се остваруваат, преку постојана контрола и заштита на слободите на граѓанинот.

А да не зборуваме за некои големи работи. Знаете, јас сепак не сум некој стручњак... Зошто да не ми кажете конкретно зошто еден човек повеќе би си ги остварил желбите во демократијата, отколку во некоја друга пиљара, мислам систем.

Тоа е добар начин да се каже нешто за врската на поединецот, неговите желби и потреби и за тоа како демократијата помага тие да се остварат.

**Прво**, демократијата не создава „пожелни" типови личности, како што тоа беше порано. Така луѓето слободно истражуваат што најдобро „им лежи" и ги гледаат потребите на пазарот, зашто не е доволно само да се едуцираш и

потоа да немаш каде да работиш. Значи, економијата и пазарот на трудот ги одредуваат потребите на поединците за едукација и типовите личности што им се потребни во фирмите. За поединците тоа значи слободен ИЗБОР.



**Второ,** поединецот сам решава кога ќе почне да заработува за живот, затоа што, нели, демократските држави се поразвиени и побогати, барем „постарите демократии“. Но, за да работиш не е потребно само да има вработување туку и менталитет. Има луѓе и на Запад, кои не сакаат да работат и вечно одбиваат работни места.

**Трето,** демократијата се базира врз граѓанинот–поединец и врз конкурирањето меѓу граѓаните. Во демократијата државата треба да постави добри закони и исти правила на игра за сите граѓани. Другите работи таа им ги препушта на граѓаните за сами да си ги регулираат со договор, со добро однесување, бонтон, договори меѓу здруженија, деловни фирми... Паметната демократска држава многу малку се истакнува, тоа им го препушта на своите стопани – граѓаните.

?

Значи, државата е како пазарна инспекција. Не ти кажува што да правиш, туку што не смееш да правиш, а сето друго е дозволено - разбирам. Пазарната инспекција ти вели да немаш производи без декларација, да е рокот во ред, а не ти кажува како да работиш со муштериите, па ако сме многу алчни или глупави со муштериите, не ни треба инспекција да ни го затвора бизнисот - сами ќе го затвориме. Да, сфатив навистина. Всушност, тоа го знаев и порано, подучена од конкуренцијата од оние големи самопослуги, кои имаат повеќе стока од нас, но не знаат да бидат љубезни со муштериите и се многу скапи. Муштеријата не е будала да дозволи некој да го ограбува.



Точно, госпоѓо. И граѓанинот не е будала, па да дозволи државата да добива голема улога во секојдневниот живот. Колку што една држава повеќе се меша во секојдневниот живот, толку повеќе проблеми има.

Не знам... Мене ми се допаѓаше она од порано.. Мислам во социјализмот, зашто сите бевме еднакви... Не знам, можеби затоа што бев млада и тајно заљубена во Шемси.

Сите бевме еднакви? Точно – Вие бевте заљубена во Шемси и ништо друго не сте гледале. Без навреда!

**Четврто**, „еднаквоста“ во социјализмот беше „привидна еднаквост“ на сиромашните. Нормално дека бевме „еднакви“ кога државата трошеше огромни средства за себе и за својата партија. Вие мислите дека ако не се гледа – не се случува?

Госпоѓо, во тоталитарните општества животот на **ЕЛИТАТА** не е достапен за јавноста, затоа што вестите мораше прво да ги прегледа и одобри „големиот брат“ поставен од партијата. Инаку, тие тогаш уживаа повеќе отколку царевите во римско време. Но, тоа и не е толку битно.

Има една побитна работа, а тоа е дека граѓанинот мора да мисли и на иднината, на развојот на сопствената држава, на подобрување на животот, на натпреварувањето на државата со другите заради прогресот, цивилизацијата, па ако сакате и да им овозможите на своите деца она што вие не сте можеле да го имате. Зар тоа не е човечки?

А како е тоа можно без конкуренција, каде што подобрите „одат напред“ и управуваат со државата, кога човек мора да се труди за да успее како стручњак, како добар адвокат што не ги губи случаите, како подобар земјоделец, кој не жнее повеќе со коса туку со комбајн од десет милиони денари, како.... како Вас. Колку часа работите на ден? Дали целото Ваше семејство работи или само Вие?

Па, работиме сите и работиме многу, инаку нема да опстанеме.

Е, тоа госпоѓо во недемократските системи го нема. Таму „јале – не јале, сметката ви е три и пол“. Дали мислите дека „еднаквоста“ е добра???

Демократијата нуди еднаквост пред законот за сите граѓани, а колку ќе работите, колку печалите, како и колку сте способни – тоа си е ваше.

Но, да бидеме јасни. Никој не вели дека во демократијата владеат поединци или групи, па нека се и најбогатите на светот. Во демократијата владеат луѓе поставени од

партиите или поединците што ги избираме. Дури и тие луѓе, кога владеат, мора да „заборават“ од која партија дошле тука, кои им се роднините и пријателите, зашто владеењето се извршува во име на граѓаните, а не во име на партиите, љубовниците и пријателите. Рамноправноста е во тоа дека секој има еден глас, без оглед колку е богат, колку луѓе има вработено и дали „вујко му седел до султанот“. Секој може да се кандидира. Еве, со примерот на тој Ваш харизматичен комшија. Зошто не му предложите да се кандидира за пратеник на идните избори, кога е толку способен и има моќ да ги убеди луѓето?

?

Ама, која сум јас да предлагам пратеници? Во овие маала живеат Македонци, а јас сум Албанка.



А каква врска има што сте Албанка – кога се во прашање изборите. Вие сте граѓанка, па после бидете што сакате. Еве, јас сум со српско потекло. Што значи тоа – дека треба да ме исфрлите од продавницата? Секој поединец во демократијата е СЛОБОДЕН да ги остварува своите политички, економски и лични права. Ако сметате дека тој господин – Вашиот муштерија ќе биде добар пратеник, најдете уште луѓе од маалото и предложете го. Тоа е Ваше право.

Тоа е исто како тогаш кога сте решиле да тргувате, наместо да молзете крави. Дури и некој во тоа Ваше тогашно семејство да Ви речел дека не смеете да се занимавате со трговија, или дека местото на жената е во куќата, Вие сте можеле да кажете дека Вам **ЗАКОНИТЕ** Ви гарантираат да се занимавате со што сакате, да живеете каде што сакате и дека никого не мора да слушате во врска со Вашиот **ПРИВАТЕН** живот. **ЛИЧНИТЕ ПРАВА** се темел на демократијата, исто како што се и граѓанските права.

Ова постојано го повторувам: граѓаните мора да ги штитат своите права и од другите (на пример – конкуренцијата) но и од државата, односно власта.

Дали знаете како се штитат правата на сите граѓани?

Е, да ми речевте како се штити еден граѓанин ќе Ви кажев, но за сите...? Па, не сум јас господ.

**Точен одговор госпоѓо, Вие сте вистински демократ. Точно!**

**Демократските права на сите граѓани мора да се заштитуваат преку заштитата на секој поединечен граѓанин, овде сега и во конкретен случај!!! Секој поединец е важен!**



Вие се шегувате?

Не, госпоѓо. Кршењето на правата на сите граѓани почнува со **ПРВИОТ СЛУЧАЈ**. Кога власта ќе унесреќи еден човек и ќе ги прекрши неговите права и никој поради тоа нема да одговара, тогаш на власта ѝ е лесно да направи така и со ИЛЈАДА други граѓани. Поради тоа човек не смее да рече: „Тоа мене нема да ми се случи" или „Не е моја работа". Секоја неправда против твојот сограѓанин ДЕНЕС е неправда против тебе УТРЕ.

Ние тоа можеме најдобро да го согледаме уште на самите избори. Ако некоја партија се обиде да ги фалсификува изборите или да направи тие да не бидат фер и демократски, тогаш сигурно тие луѓе и таа партија нема добро да владеат. Однесувањето на партиите во изборните процеси е ОБРАЗ на партијата и таа со тоа кажува како ќе владее. Ако партијата добила мнозинство гласови на фер и демократски начин, таа добила ЛЕГИТИМНОСТ од граѓаните да владее за одредено време.

Но, што значи тоа? Кој тврди дека тие ќе бидат одговорни кога се на власт? Еве ние видовме многу неодговорни политичари, па дури и големи ајдуци и крадци. Цел свет ни се смееше и се драпаше со нас.

Македонија е мошне млада земја. Демократијата се развива малку по малку и граѓаните треба навистина да внимаваат на власта и да не молчат. Најбитно е дека СТРАВОТ од губиток на идните избори е многу силен мотив властите да бидат поодговорни. Но, тука треба да помогнат и **ИНСТИТУЦИИТЕ** на системот, кои треба да бидат професионализирани, департизирани и да си ја бркаат работата, а тоа значи да работат во согласност со законите на државата. Од друга страна, постои ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ, кој мора да реагира на секоја пријава, па дури и без пријава (дури и ако прочита во весник за нешто што е забрането со закон), судовите, инспекциите, а од неодамна ја имаме и **АНТИКОРУПЦИСКАТА КОМИСИЈА**, која само чека да ѝ јават нешто за да „им се пушти". Добро е што во таа комисија има и претставници на невладини организации, па власта и да сака не може да ги убеди „да подзамижат малку". Никој не рече дека контролата на власта е лесна работа.

Искрено господине, јас не гледам многу разлика меѓу државите од она што го гледам на ТВ или што читам во весници.



Па, госпоѓо Ермира, држава си е држава, па сите тие имаат некои сличности но и различности. Се знае дека сите држави мора да го штитат животот на граѓаните, нивниот имот, да ги чуваат редот и мирот, територијалниот интегритет, правдата, јавниот имот и добра, политичкиот систем.

А зошто и политичкиот систем? Да не е паднат од бога?

Се смета дека правниот систем им припаѓа на сите граѓани, односно дека тие изгласале да имаат таков и таков политички систем. Ако некој сака насилно да го смени, тогаш тој мора да се брани, затоа што волјата на граѓаните да живеат во систем што го изгласале е доведена во прашање.

**Граѓаните го бранат системот што го изгласале, затоа што сами го изгласале и неговото насилно рушење е против нивна волја.**

**Тоа е една од најосновните работи запишани во уставот.**

Поради тоа е важно да се каже дека луѓето се повеќе мотивирани да го штитат демократското уредување затоа тоа што сами го изгласале, а во државите каде што нема демократија луѓето треба да штитат општество по желба на некој диктатор или на луѓето околу него.

И еве почнавме и со разликите меѓу демократските и другите општества.

Се смета дека редот, мирот и уставното уредување демократијата ги штити на најмалку драстичен и далеку похуман начин. Тоа потекнува од заштитата на човековите, личните и граѓанските права на секој поединец. Дури и да се сомневаме дека една група луѓе работат против државата, не смеат да бидат нарушени нивните права и против нив можат да се водат постапки само според закон. Во другите видови државни уредувања, тоа не е така. На пример, еден диктатор нема да се „помисли два пати“ за да уапси, малтретира и убие некој човек само ако се посомнева дека работи против власта.

За време на Тито, во Македонија имаше ред и мир, а пред некое време – војна. Да имаше и десет војни, немаше да загинат толку луѓе колку што „завршија“ на Голи Оток. Некои работи мора да имаат мера.

**Ако еден државен систем се штити преку намалување на правата на сопствените граѓани и само затоа што сакаат да говорат против тој систем – не благодарам, нека си оди.**

Кај нас трговците некои работи се исти и сите ги прават исто, но секоја фирма си има и свој начин на работа и можеш да ја препознаеш „од километар". Како е со демократијата, што е тоа што го има демократијата а што другите продавници, пардон системи, го немаат?



**Многу битно прашање. Досега најбитното!**

Прво да почнеме со правата на граѓаните, кои започнуваат со правата на секој човек – како поединец: слобода на совеста, слобода на религијата, слобода на изразувањето, правото на сопственост, приватноста на граѓанинот... Битната разлика со другите системи се состои во тоа што демократијата овие права ги штити како <u>КОНКРЕТНИ</u> права на граѓанинот, додека во другите државни уредувања, правото на поединецот произлегува од правата на колективитетот или поради некоја идеја или поради некоја религија... Во верските држави правото на сите верници да веруваат не е веќе право туку должност и тоа право е над поединечното право некој да не верува или да рече „можеби". Ако не се согласувате со таквите идеи, тогаш ќе ве уапсат, но и да ве уапсат, можат да ги подбуцнат луѓето да ви ја каменуваат или да ви ја запалат куќата и да речат дека тоа биле „спонтани протести на народот". Во социјализмот, правата на граѓанинот му паѓаа „од небо" (она што го одлучила Комунистичката партија – тоа му следува на граѓанинот), која одлуките не ги носеше во име на граѓаните туку во име на „историската улога на работничката класа". Зар и тоа не Ви личи на религија? Само сега нема Бог туку има „историска улога". Што е тоа – не знае ни Господ ни народот, па можеше да ви се случи да ви дојдат ноќе наоружани луѓе и да ви речат дека „во име на историската улога" треба бесплатно да им дадете гајба пиво и сувомеснати производи за мезе. Затоа во демократијата нема такви апстрактни глупости зад кои се кријат ограбувачите и неранимајковците.

Друга работа што е многу важна е прашањето: <u>КОЛКУ ЛУЃЕ ВЛАДЕАТ ВО ИСТО ВРЕМЕ</u>, односно колку луѓе ја делат власта.

Сите знаеме дека ако владее еден човек и ја има сета власт, еден ден ќе се разбуди и ќе си рече: „Па, јас сум станал Бог". А кога тоа ќе го слушне неговата жена, автоматски ќе се занесе и ќе рече: „Значи, јас сум божица, што е исто како - Бог на квадрат". Постојат многу примери за тоа.

? Поради тоа, едно од основните демократски начела е дека **ВЛАСТА МОРА ДА БИДЕ ПОДЕЛЕНА** на најразлични начини. Значи, во процесот на одлучување мора да учествуваат што повеќе луѓе. Тоа е овозможено ПРИМАРНО преку **ПОВЕЌЕПАРТИСКИОТ СИСТЕМ**, преку независноста на институциите, преку поделбата на власта на **ЗАКОНОДАВНА, СУДСКА** и **ИЗВРШНА** и преку **ЈАВНОСТА**. На овој начин многу луѓе учествуваат во тој процес на делење на власта и сите тие не ги поставува една партија, па да може да им наредува. И уште нешто битно:

**Сите тие ВЛАСТИ се контролираат меѓу себе, а сите нив ги контролира јавноста, односно граѓаните.**

? А како тоа власта е поделена преку јавноста? Што врска сега имаат телевизијата и весниците со поделбата на власта?

Еве вака, да Ви одговорам со прашање. Што ако една власт го крши законот кога за тоа никој не знае? Замислете да нема слободни медиуми, кои ќе ја контролираат власта и ќе ги носат информациите до граѓаните – до јавноста?

Да! Ако не се знае, како да не се случило.

Граѓаните можат да учествуваат во носењето одлуки преку влијание врз луѓето од власта, како и на тој начин што во медиумите ќе кажат што мислат за одреден проблем, закон или одлука на владата. Власта, ако е и малку паметна, ќе ги земе предвид овие мислења.
Во демократијата, власта мора да овозможи слободен пристап до информациите, а исто така својата работа да ја направи јавна, односно ТРАНСПАРЕНТНА.

**Транспарентноста на власта и јавноста се како постојан разговор на власта со граѓаните, преку медиумите и јавноста.**

За да постои тоа, мора да постојат информации, и тоа слободен **ПРОТОК НА ИНФОРМАЦИИ**. Затоа е потребно да има **СЛОБОДНИ МЕДИУМИ**.
Во демократијата протокот на информации е чист бизнис, односно постојат слободни медиуми што се во конкуренција едни спрема други. Од таа конкуренција граѓаните имаат огромна корист: информации има многу, бргу се добиваат и се презентираат на најдобар можен начин. Не мора граѓанинот да „трча“ по информациите, тоа е задача на медиумите, кои сакаат да си го продадат својот производ и тие „трчаат“ до граѓанинот.

?

Па, работиме сите и работиме многу, инаку нема да опстанеме.

Е, тоа господо во недемократските системи го нема. Таму „јале – не јале, сметката ви е три и пол“. Дали мислите дека „еднаквоста“ е добра???
Демократијата нуди еднаквост пред законот за сите граѓани, а колку ќе работите, колку печалите, како и колку сте способни – тоа си е ваше.
Но, да бидеме јасни. Никој не вели дека во демократијата владеат поединци или групи, па нека се и најбогатите на светот. Во демократијата владеат луѓе поставени од

?

Значи, како што работиме Шемси и јас: и да не нѐ праша муштеријата, ние сами му кажуваме што имаме ново набавено... И обично, дошол само по млеко, а си заминува со пет-шест производи.

Но, исто така, тие го пренесуваат и гласот на граѓаните, лидерите на мислење, стручните лица... На тој начин, граѓанинот има не каква било информација туку **АРГУМЕНТИРАНА** и богата информација. Тоа помага граѓанинот да создаде **СОПСТВЕНО МИСЛЕЊЕ** за сите државни работи и да ја критикува власта, ако мисли дека „пак ја утнала работата“. Граѓанинот тоа може да го каже и сам и преку други, може да го повика маалото, па заедно да разговараат, може да се јави во ТВ, радио, да пишува во весниците, може да му се јави на пратеникот од таа изборна единица и да побара тој мислењето да го пренесе понатаму...

?

Значи, сепак народот е во право дека „братството си е братство, но сирењето си е со пари“. Истото ни го рече и оној соседот дека во демократијата владее ПАЗАРОТ.

Пазарот не владее туку го насочува владеењето. Во секој случај, во демократиите економијата е еден од најсилните центри на моќ и е наполно поврзана со сите други сектори во општеството.
Тоа е и начин на поделба на власта. Можеби звучи чудно, но во „салам“ демократиите, побитни се одлуките на берзата отколку на владите.
Економијата, која е наполно насочена кон потребите на луѓето, е најдобриот начин да се контролира власта и да се остваруваат правата на луѓето. Тоа важи за сите права на човекот затоа што пазарните економии сакаат да ја нагласат различноста и отаде границите на економскиот живот. Исто така, разновидноста што е создадена, на тој начин, ги збогатува политичкиот живот и граѓанското општество.
И една карактеристика што е многу малку развиена во другите видови општества: граѓанското општество.

Мислите на оние невладинине организации, за кои цело време слушаме по телевизии... Не знам... За нив не зборуваат баш најдобро и уште велат дека работат за странците, за НАТО...

Граѓанското општество се состои од поединци и од нивни доброволни здруженија, кои се самоорганизирани и работат во согласност со уставот и со законите на државата. Поради личните слободи и права на поединците, граѓанското општество е најразвиено во демократијата. Демократиите зависат од постоењето на невладината сфера како простор што овозможува практикување на индивидуалните права и место за активности во насока на остварување на заедничкото добро.

А сега за Вашето мислење.

Постојат влади на кои не им е мило некој да ги контролира и да ја ограничува нивната власт. Тие влади сакаат за време на своето владеење „да се офајдат" најмногу што можат, па го кршат законот и демократијата им служи за лично богатење, за апсолутистичко владеење... Притоа најмногу им пречи кога некој ги изнесува нивните „валканици" пред јавноста. Јавноста е смртен непријател на таквите личности, кои, за жал, можат да дојдат на власт, но и бргу „им доаѓа крајот", токму поради невладините организации и граѓанското општество.

За да можат да владеат тие влади, мора да ги ограничат правата на граѓаните, а за да го постигнат тоа, тие цело време ИЗМИСЛУВААТ НЕПРИЈАТЕЛИ против кои се борат. И не велат дека тоа го прават заради себе и својата партија, туку заради државата.

Ете затоа им пречат невладините организации, за граѓаните да можат да ги претворат во крави, кои потоа ќе можат „да ги молзат".

**Слепиот народ е сон на сите апсолутисти.**

Тие дури не се ни сеќаваат дека сите партии во Македонија се определија за влегување во НАТО, дека сите партии и сите луѓе сакаат да влеземе во Европската унија.

Ете поради тоа таквата влада шири такви информации во јавноста.

Па зошто, ако навистина тие организации работат против државата, власта не ги апси кога во раце им е моќта?

Па, затоа што нема зошто да ги апси! Да имаше зошто - ќе ги уапсеше. Не е така?

Но, треба да се внимава и на тоа дека демократијата и државата имаат и вистински непријатели и вистински причини за загриженост. Треба да се внимава и на тоа граѓаните да проценат дали една опасност навистина постои или е тоа само „масло" на една влада за да може да прави „мајмунлаци".

Па, ова му доаѓа како онаа приказната за овчарчето и волкот, кога овчарчето два пати излажало дека доаѓа волкот, а третиот пат никој не му поверувал кога волкот навистина дошол.



**Така е!**

Граѓаните мора да одберат вистински луѓе за да ги постави на власт, кои ќе бидат одговорни и нема „да си играат“ со такви сериозни работи и на кои општото добро на граѓаните и државата ќе им биде пред желбата за крадење и апсолутна власт. Инаку, ќе биде баш како во приказната: кога ќе дојде реална опасност – никој нема да им верува.

И што прави државата ако навистина има реална опасност, да не речам „ако волкот навистина доаѓа“?



Причини за неприменување на демократијата или за нејзино одложено воведување, како и за привремено укинување на некои права на граѓаните, можат да постојат и „со нив нема играње“. Тогаш граѓанска должност е да ги почитуваме наредбите на владата. Тоа не значи дека треба да замижеме, туку баш тогаш да ги „отвориме сите четири“ и да не правиме ништо што може да биде против интересите на државата.

Но и тоа е демократија.

Постојат некои институции и служби во државата, каде што не може да има демократија поради опасните, многу битни и мошне сложени задачи што им се доверени од државата. Такви се полицијата и армијата, кај кои не може да има демократија, туку само ХИЕРАРХИЈА. Ако ја нема, тогаш нема да можат да ги извршуваат задачите на владата и на претседателот на државата, а ние не сме им дале власт за да не ги извршуваат своите работи.

Или судството. За да се обезбеди независност, потребно е судството да не биде под влијание на јавното мислење и на политичките процеси. Во сите држави постојат институции кај кои најбитни се стручноста во работата и големото знаење. Во нив се почитува стручноста и на тој начин се гради хиерархија. Не може хирургот да ја прекине операцијата за да закаже состанок со персоналот во салата. Тогаш само тој одлучува и сите мора да го слушаат без поговор. Или, не може да го земат портирот да работи во операциона сала.

Исто така, демократијата не е пожелна во религиските институции, затоа што таму не е потребно критичко мислење, па ниту демократија.

Во некои случаи не смее да има демократија. Еве го споменавме случајот со операционата сала. Но, исто така постојат некакви случаи кога демократскиот начин на одлучување не се практикува. Такви се кризните ситуации (природните катастрофи, кризите во економскиот систем, епидемиите), кога државата воведува **вонредна состојба**. Во такви ситуации треба да се реагира бргу и нема време за демократско донесување одлуки.
Целосното воведување на демократскиот систем може да доцни поради недоволна несоодветна политичка, образовна, економска или општествена поддршка за демократијата. За да се воведе демократија, треба да се мине фазата на транзиција, која не мора секогаш да биде многу демократска. Транзицијата, иако не е целосно демократски процес, порано или подоцна доведува до демократија.





Наполно Ве разбирам, господине. Еве, да не паѓаше дожд и да имав муштерии, немаше да можам да муабетам со Вас за демократијата, туку ќе ги служев нив. А вака го искористив времето на најдобар можен начин. И секако, можно е да ми станете муштерија. Сепак, најважен е интересот.

Ах, ќе заборавев. Да Ви кажам какви тестенини имам добиено сега, па имам и сосови за нив... Ништо нема да готвите, само ставате вода и греете. А цената, сега имаме рекламни цени... Мислам, многу демократски цени...



